ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ
# НА ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 од Статутот на Џудо федерацијата на Македонија, Собранието на Џудо федерацијата на Македонија на седницата одржана на 9.О5.2004 година,. го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

## 1. ОПШТИОДРЕДБИ

Член 1

Правилникот за дисциплинска одговорност на Џудо федерацијата на Македонија /во понатамошниот текст: Правилник/ ги регулира следните прашања: дисциплинските прекршоци /во понатамошниот текст: прекршоци/, санкциите за пропишани дисциплински прекршоци и постапката за утврдување на дисциплинскиот прекршок и сторителот, како и постапката за изрекување на санкции на натпреварувачите, на џудо организациите и одговорните лица за време на натпревзри и надвор од натпреварите.

Член 2

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на сите џудо организации на територијата на Република Македонија, со тоа што цудо клубовите можат со свои општи акти да пропишат и други прекршоци кои ги донесува највисокиот орган на џудо клубот. Џудо клубот може да пропише дисциплинска санкција: исклучување од џудо клубот.

Член 3

Прекршок е дејствие /сторување или не сторување/ кое е со овој Правилник или Правилникот на џудо клубот пропишано како прекршок. Не се смета за прекршок дејсвие кое иако содржи обележје на прекршок одредена со Правилник, представува незначителна општествена опасност /спортска/ поради малото значење или поради отсуство или незначителност на штетните последици.

Член 4

Непознавањето на прописите никого не го оправдува.

Член 5

Целта на изрекувањето на дисциплинските санкции е:

- воспитно влијание на сторителот на прекршокот да не сторува прекршоци и
- воспитно влијание на другите да не сторуваат прекршоци

Член 6

На сторителот на прекршок може за прекршокот да му се изрече само санкција пропишана со овој Правилник и општите акти на џудо клубовите.

За помагање или поттикнување ќе се изрече санкција како сам да го извршил прекршокот.

За помагање или поттикнување ше се изрече санкција како сам да го извршил прекршокот. Дисциплински санкции се:

- к а з н а
- у к о р и
- о п о м е н а

Член 7

Санкцијата за сторениот прекршок ќе се изрече на сторителот без оглед дали во време водењето на постапката и донесување на одлуката и понатаму е активен такмичар или има функција на одговорно лице.

Член 8

При изборот, видот и одмерувањето на висината на санкциите, се земаат во предвид тежината на сторениот прекршок и неговите последици, околности и начин на кој прекршокот е сторен, мотивите, моралните особини, однесувањето пред и после сторениот прекршок и други олеснителни или отежнителни околности.

Доколку се утврдат посебни олеснителни околности на сторителот на прекршокот може да му се изрече поблага казна од онаа која е предвидена за сторениот прекршок.

Ако сторителот на прекршокот е јуниор или помлад такмичар, може да се изрече поблага казна од онаа која е пропишана за сторениот прекршок.

Ако се утврди особено олеснителна околност, на сторителот може да му се изрече опомена или укор. При постоење на особено олеснителни околности овој вид на сапкции ќе се изречат и најуниор или на помлад натпреварувач.

Член 9

Ако се извршени повеќе прекршоци ќе се изрече казна за секој прекршок. Повеќе изречени истоветни казни ќе се спојат и ќе се изрече единствена санкција со тоа да збирот не може да биде поголем од општиот максимум, на тој видна казна.

Член 10

Дисциплинска постапка не може да се покрене ако од извршување на прекршокот, односно од моментот кога за него се дознало до поднесување на пријавата, изминале повеќе од 3 месеци, а по протек од една година ако се работи за прекршок сторен во странство.
Застареноста на гонењето настапува по истекот на една година од поднесувањето на пријавата.

Застарувањето се прекинува со секој акт од дисциплинскиот суд по повод водењето на постапката. Апсолутно застареност настапува по истек од 3 години од сторениот прекршок. Изречената казна може да се изврши во рок од 1 година од правосилноста на одлуката. Застареноста на извршувањето се прекинува со секој акт превземен за да се изврши изречената казна.

Апсолутна застареност на извршувањето настапува по истекот на 3 години од правсилноста на одлуката со која е изречена казната. Времето поминато на отслужување на воената обврска не се смета во време за покренување на прекршочна постапка, во време на застарување на гонењето и време на апсолутна застареност.
Во постапката по вонредни лравни средства не се применуваат одредбите за застареност од овој член.
Повторен случај е сторениот нов прекршок во време од 3 години од издржаната казна или изречена опомена или укор.

Член 11

Под џудо клуб се подразбира џудо клуб, џудо школа, или секција на џудо клуб и самостојна џудо шкспа /во понатамошниот текст за сите: џудо клуб/.
Џудо организација во смисла на овој Правилник се: џудо клуб,- џудо федерација и нивните органи /во понатамошниот текст џудо организации/, а можат да бидат казнети само градските и територијални спјуми и органи на

Извршниот орган на Џудо федерацијата на Македонија /во покатамошениот текс ЏФМ/.

Член 12

Натпреварувач е лице кое е еднаш регистрирано кај надлежната џудо федерација без оглед дали е пререгистрирано или повторио регистрирано кај другата џудо федерација.

Член 13

Натпревар е време одредено со други прописи ЏФМ како и време на поаѓање и заминување на такмичарите и одговорните лица надвор од натпреварот во и од местото на натпреварување.

Одговорни лица се: одговорни лица на натпреварот и одговорни лица надвор од натпреварот.

Одговорни лица на натпреварите се: званични лица, службени лица и други одговорни лица на натпреварот.

Званични лица се: званичен делегат, делегат на џудо клубовите, тренери на џудо клубовите, помошни тренери, лекар, членови на судиското жири и членови на првостепениот и второстепениот орган за жалба на поединечните натпревари, а на натпреварите во странство и водачите на патот, неговиот заменик, лекарот и физиотерапеутот

Службени лица на натпреварот се: записничар, спикер, членови на жирито за доделување на титули, признанија и награди, лица за поправка на борилиштето, редари во слата и надвор од неа, полицајци, благајник за исплата на ззаничните лица и лица од џудо федерацијата кои се одредени да присуствуваат на натпреварот.

Други одговорни лица на натпреварите се: водачите на патот на екипите, лекари на екипата, членови на Управи на џудо клубовите кои учествуваа на натпреварите и нивни стручни лица, кои не се во функција на натпреварот.

Одговории лица надвор од натпреварот се: стручни лица, членови на раководните тела и нивните органи во џудо федерацијата и членови на Управата и платеии лица од џудо клубовите. Стручни лица се: џудо тренери, лекари, физиотерапеути, џудо судии, контролори на судзњето како и званични делегати. На овие лица можат да се применат саикции предвидени за званични лица, одговорни лица, или посебно предвидени санкции за стручни лица.

Член 14

За прекршоците предвидени со овој Правилник можат да се изречат следните дисциплински санкции:

1. За натпреварувачите
   - Опомена, јавна опомена и укор;
   - Забрана на натпреварување на одреден број на натпревари во одреден ранг;
   - Забрана на натпревари на сите рангови на одредено време;
   - Исклучување од организацијата на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.
2. За одговорните лица
   - Опомена, јавна опомена и укор;
   - Забрана на вршење на функцијата на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.
3. За званични лица
   - Опомена, јавна опомена и укор;
   - Забрана на вршење на функцијата на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.

4. За стручни лица
   - Опомена, јавна опомена и укор;
   - Забрана за вршење на сите функции на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.

5. За џудо клубовите
   - Опомена, јавна опомена и укор;
   - Парична казна како надокнада на штета поради направен прекршок;
   - Забрана за одржување на натпревари во одредена сала или место на одредено време;
   - Забрана на насталување на одреден број и вид на натпревари на одредено време;
   - Забрана за настапување на сите натпревари на одредено време одземање на бодови во лигашките натпревари;
   - Исклучување од натпреварите;

- Бришење од членството на Федерацијата.

6. За Џудо федерацијата и нејзините органи
   - Забрана за настапување;
   - Распуштање на именованиот орган.

Член 15

Казна забрана на натпреварување на свој терен може да се изрече најмногу за 6 истовидни натпревари или временски од 1 месец до две години.

Под терен на клубот се подразбира и оддалеченост од седиштето на клубот до 50 км.

Член 16

Казна забрана на настапување на натпреварувачите и џудо клубот не може да биде пократок од еден месец, нити подолг од 3 години. За тоа време натпреварувачите и џудо клубовите не можат да земат учество на јавни приредби.

Казната забрана на настапување може да се изрече на место во временско траење за одреден број еднакви натпревари, а најмногу 6.

Под казна забрана за настап од став 1 и 2 од овој член, за џудо организацијата се подразбира и забрана за организирање на натпревари.

Член 17

Казната одземање на бодови се состои во смалување на бодовите во лигашките натпревари од 2 до 6 стекнати бодови.

Член 18

Казна исклучување од натпреварите се состои во исклучување на џудо клубот од такмичење кое е во тек и кое претстои со право на тој клуб во следниот период да настапува во непосредно понизок ранг на натпреварување

Член 19

Паричната казна не може да биде помала од 500 ниту поголема од 10.000 денари.

Оваа казна се изрекува така што во одлуката за казна се одредува дека паричната казна доколку не се плати во рок од 8 дена од равосилноста на одлуката ќе биде заменета со казна забрана за настапување се додека казната не се плати.

Средствата од паричните казни одат во корист на џудо организацијата, на кој припаѓа Дисциплинската комисија кој ја изрекол казната.

Член 20

Казната бришење од членство на Федерацијата повлекува и забрана на постоење и работа на џудо клубот.

Член 21

Казната забрана на вршење на сите функции може да се изрече во траење од 3 месеци до 3 години. За тоа време натпреварувачот или одговорното лице не може да врши никаква јавна функција на натпреварите и во органите на управување во џудо организацијата и нивните работни тела, освен дејностите од работниот однос кои не претставуваат вршење на јавни -функции.

Член 22

Забрана на вршење на функцијата званично лице се состои во забрана на вршење на должности званичен делегат, судија, тренер или званичен лекар. Оваа казна не може да биде пократка од еден месец, нити подолга од две години.

Член 23

Доживотна дисквалификација повлекува забрана секоја работа во џудо спортот и има трајно влијание.

Член 24

Казната распуштање на именованиот орган се состои во престанок на органот на работа на Извршниот одбор или на работното тело на тој орган во состав во кој бил кога извршил прекршок.

Член 25

За сите прекршоци кои ќе ги извршат натпреварувачите, екипите, званичните лица, службените лица или другите одговорни лица на натпреварот може да се казни и џудо клуб на кој таквото лице припаѓа, со една-од казните предвидени во член 14 точка 5 од овој Правилник, спрема тежината на прекршокот.

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Член 26

Одговорно лице кое ќе го злоулотреби знакот, знамето, печатот и меморандумот на Џудо федерацијата на Македонија ќе се казни со забрана за вршење на сите функии до една година.

Ако работата од став 1 на овој член, се направи од користољубие или во рекламни цели, или ќе настапат потешки последици или се изложи на подсмев знакот или знаместо на ЏФМ ќе се казни со забрана на вршење на сите функции.

Во повторен случај или ако настапат нарочито тешки последици, ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Џудо клуб кој без значење на ЏФМ настапи под знамето или бојата на Џудо федерацијата ќе се казни со забрана на настапување, а званичните лица на џудо клубот или ЏФ и водачот на патот-забрана за вршење на сите функции.

Член 27

Натпреварувач или одговорно лице кое ќе го злоупотреби печатот на својата џудо организација ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до една година.

Ако работата од овој став 1 на овој член ја изврши од користољубие или настанат потешки последици ќе се казни со забрана на вршење на еите функции или доживотна дисквалификација.

Член 28

**Одговорно лице**

1. Кое се кандидира или прими должност за фунииционер во меѓународната организација или се кандидира за меѓународен судија без одлука на Извршниот одбор на ЏФМ.

2. Кое како функционер на меѓународната организација учествува на состаноците без одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ или без претходно изнесување и запознавање Извршниот одбор на ЏФМ со дневниот ред, или настапува во меѓународната организација спротивно на ставовите на Извршниот одбор на ЏФМ.

3. Кое учествува како функционер или стручно лице без одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ на натпреварите надвор од нашата земја каде што не учествуваат натпреварувачи од Македонија.
4. Кое не поднесе писмено известување за меѓународниот состанок во рок од 15 дена ќе се казни со забрана за вршење на сите функции најмалку од една година.
Ако одговорно лице со работа од став 1 на овој член направи штета или го крши угледот на ЏФМ џудо спортот и спортот во Македонија ќе се казни со казна доживотна дисквалификација.

Член 29

Натпреварувач кој се натпреварува или стручно лице кое работи за екипа надвор од Македонија без одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ по враќањето а Македонија натпреварувачот ќе биде казнет со забрана за учествување најмалку 6 месеци, додека стручното лице со забрана за вршење на сите функции најмалку една година.

Член 30

Одговорно лице кое без овластување го застапува ЏФМ или без овластување испрати допис или телеграм од ЏФМ ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до една година. Ако работата од став еден на овој член ја направи од користољубие или настанат штетни поединци за џудо спортот, ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 31

Натпреварувач или одговорно лице кое на било кој начин навредува или клевети или го омаловажува натпреварувачот или одговорното лице во врска со неговата работа во џудо спортот-казнет ќе биде со забрана на настап до две години, а одговорното лице со забрана за вршење на сите функции до две години.

Член 32

Натпреварувач или џудо тренер кој ќе ја злоупотреби својата џудо вештина и изврши физички напад на некој граѓанин ќе се казни натпреварувачот со забрана на настапување, а тренерот со забрана на вршење на сите функции до

две години. Во повторен или потежок случај ќе се казнат со доживотна дисквалификација.

Член 33

Одговорното лице кое без одобрување на надлежното претседателство одреди допушти натпреварување на државната или градска репрезентација или регионална репрезентација на меѓународни натпревари, ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до две години. Ако работата од став ж од овој член ја направи од користољубие или го повтори прекршокот ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 34

Сите званични лица на џудо организацијата или репрезентацијата кои ќе ги однесат натпреварувачите на меѓународно натпреварување без лекарска потврда предвидена со прописите на ИЦФ и ЕЦФ ќе се казнат со забрана за вршење на должноста до 6 месеци.

Член 35

Натпреварувач-званично лице или службено лице кое на натпреварувањата на репрезењнтацијата или на натпреварите на ЦК со странска екипа, или на некој меѓународен турнир неспортски и иедолично се однесува или на некој друг начин ја крши честа и угледот на репрезентацијата на ЏФ на Македонија ќе бидат казиети, натпреварувачот со забрана нанастапување најмалку 6 месеци или со забрана на вршење на сите функции во исто траење, а одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку една година.
Во повторен случај или во случај на настап или можност за настапузање на потешки последици ќе бидат казнети со доживотна дискалификација.

Член 36

Натпреварувачот или одговорното лице кое поради кривично дело биде осудувано со казна затвор преку 6 месеци ќе се казни со доживотна диквалификација.

Член 37

Одговорното лице кое располага со имотот на ЏФ, несозесио постапува или спротивно на одлуките и прописите на џудо организацијата, или спротивно од прописите на надлежните органи врши материјално и финансиско работење па

поради тоа настана имотна штета за џудо организацијата, ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до 1 година.
Ако одговорното лице изврши работа од став 1 од овој член со цел прибавување на имотна корист за себе или друг, или штета на ЏФ која изнесува преку 50.000 ден. ќе се казни со забрана за вршење на сите функции најмалку 1 година до доживотна дисквалификација.

Член 38

Натпреварувач кој освен надомест за изгубен личен доход и надомест одреден со прописите на ИЦФ и ЕЦУ, СОФМ и МОК и општите акти на ЏФМ прими ил бара награда за учество на припремите или натпреварите, поради неисполнување на неговите барања одбива да пристапи на припреми или натпревари, прима или бара награда да не настапи за својата екипа, ќе се казни со забрана за настапување до 1 г. ако натпреварувачот извршил работа од став ж на овој член во врска со припремите или натпреварите на репрезентацијата, ќе се казни со забрана на настапување на сите натпревари најмалку една година.
Одговорно лице на ЏК кое за учество на своите натпреварувачи во средбите кои ги организира друг ЏК или ЏФ прима или побарува за себе или натпреварувач финансиски средства или друга материјална корист.ќе се казни со забрана на вршење на сите функции најмалку 6 месеци.
Одговорно лице или ЏК кое ќе им исплати или вети на натпреварувачите за работата од став 1,2 или 3 од овој член, ќе се казнат одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку 6 месеци, додека џудо организацијата со забрана на настапување најмалку 6 месеци. Во повторен или тежок случај казната ќе се движи до доживотна дисквалификација.

Член 39

Зваиично лице кое за вршење на должностите на натпреварите им наплати превозни трошоци, дневници или надокнада за опремата спротивно на прописите, ќе се казни со забрана на вршење на должностите званично лице најмалку 3 месеци, додека во потешки и повторни случаи-доживотна дисквалификација.

Член 40

Одговорно лице кое за присуствување на конференцијата, состаноците на работните тела, советувања семинари и други службени патувања, ќе им наплати поголем износ од превозните трошоци или дневницата ќе се казни со забрана на вршење на сите функции, најмалку 3 месеци, а во повторен или потежок случај доживотна дисквалификација.

Џудо клуб или џудо организација која не обезбеди непречено одвивање на натпреварите, доаѓање во местото и одење од местото на натпреварите, натпреварувачите и званичните лица, па дојде до обид на физички напад од публиката на такмичарите или званичното лице или дојде до некој неред на натпреварот, џудо клубот ќе биде казнет со забрана на организирање на натпревари на свој терен, џудо организација со забрана на натпреварување, а нивниот делегат со забрана на вршење на сите функции до 6 месеци.

Натпреварувач или одговорно лице кое со зборови или гестакулација од гест на местото од став 1 на овој член ја поттикнува публиката да физички ги нападне натпреварувачите или званичното лице или кое во нападот учествува или се обидува да учествува, или кое предизвикува неред на натпреварот, ќе се казни, натпреварувачот со забрана на такмичење на натпреварување додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку 2 години или доживотна дисквалификација.

Член 41

Натпреварувач или одговорно лице кое за време на натпреварот од времето на доаѓање на екипата во местото на одржување на натпреварот до нивното заминување од местото на натпреварот или на самиот натпревар, физички го нападне одговорното или званичното лице на натпреварот или натпреварувачите ќе се казни натпреварувачот со забрана за учество на натпревари додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку една година.

Ако физичкиот напад на местото наведен од став еден на овој член направен од страна на натпреварувач сврстен во такмижењето или од страна на одговорното лице на такмичењето, ќе се казни натпреварувачот со забрана на натпреварување додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку 2 години или доживотна дисквалификација.

Ако физичкиот напад извршен на званичното или службеното лице на борилиште, или на местото каде што званичното лице или службеното ја врши својата должност напаѓачот ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 42

Ако натпреварувањето се одржува на непрописно борилиште поради кое може да биде загрозено здравјето или животот на натлреварувачите, ќе се казни џудо организацијата, која е непосреден извршител иа организацијата на натпреварот, со забрана за такмичоње до 3 месеци, додека ззаничното лице кое го одобри натпреварувањето или продолжение на натпреварувањето ќе се казни со забрана на вршење на функцијата од 1 година-званично лице.
Ако настапи потешка последица, ќе се казни џудо организацијата со забрана на натпреварите најмалку до една година, додека званичното лице забрана за вршење на сите функции најмалку една година или доживотна дисквалификација.
Џудо клуб кој ќе напушти натпреварување или ќе направи прекин, ќе биде казнет со забрана за настапување до 6 месеци, или парична казна најмалку 5.000 денари, а делегат на џудо клубот со забрана на вршење на должност званично лице најмалку до една година.
Одговорното лице на џудо клубот кое ќе ги наговори натпреварувачите да го напуштат натпреварот или да направат прекин ќе биде казнет со забрана на вршење на сите функции најмаллку една година.

Член 43

Такмичарот кој со зборови или со гест на борилиште изрази незадоволство поради одлука на судиите, одлука на званичниот делегат или мислењето на званичниот лекар, или за време на натпреварувањето надврр од својата борба ја поттикнува публиката и другите да реагираат против одлуката на званичните лица, а се со цел да се предизвика неред и да се прекине натпреварот, ќе се казни со забрана на настапување до 6 месеци.
Во повторен случај или на меѓународно натпреварување ќе се казни со забрана за настапување до една година.
Званично лице од џудо клубот кое на неспортски начин реагира на одлуките на званичните лица од став 1 на овој член, а со тоа ја поттикнува публиката и др.

да реагираат поради одлуката на званичните лица, а се со цел да се прекине натпреварот ќе се казни со забрана на вршење на функцијата званично лице до 6 месеци.

Член 44

Натпреварувач кој пред или после завршување на борбата одбива да се поздрави со противникот или одбива да прими медажа ќе биде казиет со забрана за настапување до 2 месеца.

Во повторен случај или на меѓународно натпреварување натпреварувачот ќе биде казнет со забрана за настапување до шест месеци.

Член 45

Натпреварувач или званично лице на неговата екипа кое за време на натпреварот или за време на одење на натпреварувачите или званичните лица од местото на натпреварот ги навредува со зборови или со гестови. противниците на натпреварот, званичното или службеното лице или друго одговорно лице на натпреварот, или публиката за време на траење на натпреварот, натпреварувачот ќе биде казнет со забрана на вршење на сите функции до 1 година.

Член 46

Тренерот или неговиот помошник, кој за освежување на натпреварувачите употребува средство кое не е дозволено а истото се утврди, ќе се казни со забрана завршување на сите функции за званично лице до 1 година.

Натпреварувач кој се допингува или користи допинг средства или одбива допинг контрола и одговорно лице кое во тоа учествува ќе бидат казнети натпреваоувачот со забрана на настапување од една година, до доживотна дисвалификација, а одговорното лице доживотна дисквалификација од џудо спортот.

Член 47

Натпреварувач или стручно лице кое од неоправдани причини не се јави на повик за припреми или натпревар на репрезентацијата или ги напушти припремите или натпреварот без оправдани причини, ќе бидат казнети: натпреварувачот со забрана на настапување за вршење на сите функции до 6 месеци.

Одговорното лице на ЏК кое ги спречува натпреварувачите или стручното лице да се јави на репрезентативната покана или ги наговорува да го сторат тој прекршок, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 6 месеци, а џудо клубот забрана за настапувањње до 6 месеци.
Во повторен случај од став 1 и 2 од овој член натпреварувачот ќе се казни најмалку 1 година со забрана за насатапување додека стручното лице и одговорното лице со забрана за вршење на сите функции најмалку година дена или доживотна дисквалификација, а џудо клубот забрана за настап до 1 година.

Член 48

Натпреварувач кој не настапи на натпреварот каде што за време на мерењето е прогласена за способен, а се констатира дека нема оправдана причина, ќе се казни со забрана за настап до 3 месеци. Ако не настапувањето од став 1 од овој член е направено од користољубие, или во повторен случај, или на меѓународен натпревар, ќе се казни со забрана за настап најмалку 3 месеци.

Член 49

Одреденото звачично лице кое без оправдани причини не дојде на натпреварот и не го извести благовремено органот кој го одредил, ќе се казни со забрана на должноста за вршење на званично лице до 6 месеци.

Ако е во прашање натпревар на репрезентација-ќе се казни со забрана за вршење должност званично лице до една година. Во колку недоаѓањето на ова лице допринесува до тоа да натпреварот не може да се одржи, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 1 година.

Член 50

Званично или службено лице кое без одобрување на званичниот делегат пред завршување на натпреварот го напуштат натпреварот или дел на натпреварот или одбиваат да вршат своја должност до крајот на натпреварот или во дел на натпреварот, ќе се казнат со забрана вршење на функцијата званично лице до 6 месеци.
Ако поради напуштање на натпреварот од став 1 на овој член не може да предложи натпреварот или ако напуштањето е извршено на меѓународно натпреварување или во повторен случај, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 1 година.

Ако натпреварот го напушти званичниот делерат, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 1 година.

Член 51

Џудо клубот или џудо организацијата која на натпревар упатува екипа без медицинско лице, или како непосреден извршител при организирање на натпревар не обезбеди лекар на натпреварувањето, ќе се казни со забрана за организирање на натпревари до една година и парична казна најмаллку 3.000 денари.

Член 52

Надлежниот орган за регистрација кој без сите потребни документи или потребни услови или на друг начин спротивно од прописите за регистрирање на џудо организации и натпреварувачи:

- не води одредена документација за регистиррање на џудо организации и натпреварувачи;
- регистрира или пререгистрира или ги брише од регистарот џудо организацијата или натпреварувачот;
- регистрира фузирање на ЏК или натпреварувачи од фузираните клубови;
- регистрира или пререгистрира или поништува регистрација на натпрварувачи во време или под услови кога тоа не може да се направи;
- не поништува регистрација на натпреварувачи или џудо организации кога е задолжен тоа да го направи;
- одобрува право за настап на организацијата или натпреварувачот, ќе се казни со распуштање на именованиот орган или за утврдениот прекршок ќе се извести органот кој го именувал, а одговрното лице кое допринесло за извршување на работата ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до една година.

При повторен случај ќе се казни со распуштање на именованиот орган, а одговорното лице со забрана за вршење на сите функции најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Член 53

Натпреварувач кој издејствува регистрација или пререгистрација или поништување на регистрација врз основа на невистина или фалсификувани

документи или неточни податоци или се води истовремено како регистриран натпреварувач за два или повеќе џудо клубови. Ќе се казни со забрана за настапување најмалку една година. ЏК или одговорно лице кое учествува при работата од став 1 на овој член или знае за извршената работа па натпреварувачот го сврстува при натпреварувањето ќе се казни ЏК со забрана за настапување до 3 месеци и одговорното лице-забрана за вршење на сите функции најмалку една година.

Член 54

Званично лице кое во фазата на мерењето за време на прегледување на натпреварувачките книшки му одобри на натпреварувачот настап иако е натпреварувачката книшка во здравствениот преглед неисправна, ќе се казни со забрана на вршење на должност званичното лице до една година.

При повторен случај или ако настапат потешки последици ќе се казни со забрана за вршење на сите функции најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Званичен лекар кој не изврши работа која е должен да ја направи или изврши работа за која не смеел да ја направи по прописите за здравствена заштита на натпреварувачите и прописите на ИЏФ и ЏУ и ЏФМ и други прописи, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 1 година. При повторен случај или ако дојде до потешки последици ќе се казни со забрана на вршење на сите функции најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Член 55

Првостепениот орган кој поради недоставување на одлука недавање правна поука за жалба или одговор на жалба, или на друг начин оневозможува право на жалба, или не достави жалба се предмет на второстепениот орган или ако првостепениот или второстепениот орган го држат предметот до застарување, ќе се казни со распуштање на именованиот орган или ќе се за утврдениот прекршок извести надлежното Претседателство.

Одговорното лице во првостепениот или второстепениот орган кое учествувало во работата од став 1 на овој член, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до 1 година.

Член 56

ЏК кој на барање на натггреварувачот или органот за регистрирање не му предаде на натпреварувачот во одреден рок исписница и натпреварувачка книшка или потврда и натпреварувачка книшка во постапка за поништување на регистрација, ќе се казни со парична казна до 5.000 денари.

Член 57

Натпреварувач кој на јавно натпреварување настапи без натпреварувачка книшка или во неа се внесени неточни податоци, ќе се казни со забрана за настап до 6 месеци, а званичн ото лице на клубот одговорно за внесување на неточни податоци со забрана за вршење на сите функции до 1 година.

Член 58

Натпреварувач кој настапи на натпревар за време додека трае суспензијата или казната забрана за учество на натпревари ќе се казни со забрана за настапување до 6 месеци.

Член 59

Званичен делегат кој не прекине натпреварување кога е должен тоа да го стори, ќе се казии со забрана за вршење на фуикција званично лице до 1 година.

Ако поради непрекинување на натпреварот биде загрозено здравјето, телесниот интегритет или животот на натпреварувачите, или званичните или службените лица или дојде до физички напад иа нив, ќе се казни со забрана за вршење на функцијата званично лице најмалку1 година.

Званичниот делегат кој при вршење на должноста ги пречекори своите овластувања или не изврши работа за која по прописите е должен да ја стори или изврши работата која по прописите не смее да ја напрааи, ќз се казни со забрана за вршење на функција званично лице до 6 месеци. Во повторен или потежок случај ќе се казни со забрана за вршење на сите функции или доживотна дисквалификација.

Член 60

Џудо судија кој за вршење на својата должност на натпреварот очигледно постапува на прописите спротивно или очигледно толерира неспортска или непрописна борба на натпреварувачите ќе се казми со забрана за вршење на функцијата званично лице до 6 месеци.

Ако од работата настав 1 од овој член е под влијание на резулталт или од влијание на здравјето или животот на натпреварувачите, ќе се казни со

забрана на вршење на функцијата званично лице најмалку 6 месеци. При повторен или потежок случај ќе се казни со забрана за врШење на сите функции најмалку една година или оживотна дисквалификација.

Член 61

Џудо судија кој под принуда или од страв за својата лична безбедност или безбедноста на другите званични лица донесе неправилна одлука или постапи спротивно од прописите и при тоа го оштети натпреварувачот или ЏК кој се натпреварув а, а со тоа не го извести званичниот делегат на самиот натпревар или непосредно после завршувањето на натпреварот или во рок од 24 часа не го извести органот кој раководел со натпреварувањето ќе се казни со забрана на вршење на функцијата званично лице до 6 месеци.

Член 62

Џудо судија кој на натпревар ја врши должноста со неуреден изглед или непрописно или неуредно облечен, ќе се казни со забрана за вршење на функција званично лице до 2 месеца.

Член 63

Џудо судија кој фаворизира еден такмичар или врши должност или донесува одлука на начин со кој се предизвикува публиката или тоа го прави по повод донесената одлука, ќе се казни со забрана на вршење на функцијата званично лице најмалку 3 месеци. При повторен или потежок случај ќе се казни со забрана вршење на фуикцијата званично лице најмалку 6 месеци.

Член 64

Званично лице кое настапува на натпревар во состојба неспособен или делумно неспособен да ја извршува својата функција, а во која состојба сам се ставил, ќе се казни со забрана на вршење на функцијата званично лице до 1 година. При повторен случај, или ако тоа го налравил на натпревар со репрезентацијата, или со таквиот однос допринесол натпреварот да не се одржи, ќе се казни со забраната за вршење на функцијата званично лице најмалку 1 година.

## 3. НАДЛЕЖНОСТ И ПОСТАПКА

Член 65

По овој Правилник дисциплинска постапка одлучува Дисциплинската комисија на ЏФМ и Дисциплинската комисија на ЏК.

По жалба на одлука на џудо клубот решава Дисциплинската комисија на ЏФМ, а во останатите случаеви по одлука на Дисциплинска комисија решава второстепениот орган овластен со Статутот на ЏФМ.

Член 66

Дисциплинската комисија ПЗ клубот надлежна е да спроведува постапка и изрекува казни за работи од овој Правилник, извршени од страна на члеиови на клубот, доколку против нив не е отворена постапка пред повисоката Дисциплинска комисија.

Член 67

Диусциплинската комисија на ЏФМ ли органот кој ја води постапката расправа и одлучува за сите прекршоци кои ќе се направат на државните и меѓународните натпревари, пријателските средби и турнири.

Член 68

Дисциплинска постапка се покренува на основа на пријава или службена должност.

Пријава може да поднесе секое заинтересирано лице или организација.

Член 69

Дисциплинската комисија на ЏФМ се сотои од 3 членови, а полноважно расправа ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на Дисциплинската комисија.

Член 70

Према никого не можат да се изречат дисциплински мерки пред да биде претходно сослушан, или не дал писмена изјава.

Ако извршителот на прекршокот по уредниот позив не пристапи да даде изјава или не даде писмено бразложение одлуката може да се донесе врз основа на расположивите податоци.

Член 71

Дисциплинската постапка не може да се покрене ако поминало повеќе од 3 месеци од направениот прекршок. Од ова се изземаат прекшоците направени во иностранство.

Започнатата дисциплинска постапка мора да се заврши во рок од 6 месеци. Доколку не се заврши во дадениот рок, ќе се смета за застарена и по неа не може да се изрече било каква казна.

Член 72

Автоматска суспензија се: изрекува кога натпреварувачот е исклучен од натпреварот поради неспортско однесување.

Суспендирањето трае се додека Дисциплинската комисија ие донесе друга одлука, а најмногу месец дена.

Член 73

Дисциплинската комисија донесува писмена одлука, која содржи:

- Име и состав на органот и време на донесување на одлуката;
- Против кого се донесува одлуката;
- Опис на направениот прекршок, негово законско обележје и име;
- Изречената дисциплинска мерка и
- Поука за правен лек.

Писмената одлука се доставува препорачано на окривениот во неговиот клуб и републичката федерација.

Член 74

Против првостепената одлука може да се поднесе жалба до второстепениот орган Извршниот одбор на ЦФМ во рок од 30 дена од приемот на денот на одлуката.

Член 75

Одлуката донесена од второстепениот орган е конечна одлука. Второстепениот орган може да донесе следна одлука:

- Со која се одбива приговорот и се потврдува одлуката на првостепениот орган;
- Со која се усвојува приговорот и се враќа предметот на првостепениот орган на повторно разгледување и донесување на конечна одлука и
- Со која се уважува приговорот и второстепениот орган мериторно ќе одлучи по предметот

Член 76

Исклучиво кога е доиесена казна, доживотна дисквалификација и казна за подолго време за забрана на натпревар или вршење на функција, жалбата против одлуката на второстепениот орган, може да се поднесе до Собранието на ЦФМ. Оваа жалба не го запира извршувањето и се поднесува во рок од 30 дена од приемотна второстепената одлука.

## 4. ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Член 77

Повторување на постапката може да се врши ако се докаже дека правосилната одлука е заснована на невистинити докази и ако постојат нови причини и нови докази кои би биле од големо влијание на одлуката за кое сторителот на прекршокот порано не го знаел.

Член 78

Предлог за повторување на постапката можат да поднесат: казнетите, ЦК или оргаи на организацијата.

Предлог за повторување на дмсциплинската постапка можо да се поднесе во рок од 2 месеца од денот на доставувањето на правосилна одлука.

## 5. БАРАЊЕ ИА ЗАШТИТА НА ЗАКОНКТОСТА

Член 70

Против правосилната одпука на дмсциплински орган можо да се поднесе барање за заштита на законитоста ако се повредени одродбите од Правилникот за дисциплинска одговорност.

По барањето за заштита на законитоста решава Собранието на ЦФМ, Барањето може да се поднесе во рок од 2месеца од изрскуаање нз. правосилната одлука. Барањето се поднесува во писмеиа форма со пеопходно образложение.

Член 80

Собранието на ЦФМ може да донесе одлука со кое барањето се отфрли; правосилната одлука и укинување предметот се враќа на повторно разгледување на дисциплинскиот орган или се усвојува приговорот.

Во колку дисциплинскиот орган не постапи по примедбите на Собранието на ЏФМ Собранието е овластено самостално да донесе одлука.

## 6. ВОНРЕДНО УБЛАЖУВАЊЕ НА КАЗНА

Член 81

Врз основа на молба на казнетиот^рган^б) ја донел коиечната одлукауложе да го ослободи од казна или казната даја ублажи во колку најде да ностојат нови околности кои би влијаеле на донесувањето на ваква одлука и дека издржаниот дел од казната имал воспитно влијание врз казнетиот и дека е остварена целта на казната.

При одлучување за усвојување и неусвојување на молбата за вонредно ублажување на казната секогаш ќе се зема во обзир мислењето на првостепениот орган.

Молбата за вонредно ублажување на казната може да се поднесе после издржување на една половина од казната.

ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Претседател,

СЕЈДО ТЕОФИЛОСКИ